Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за туризам во Општина Битола за 2023 година

**„ Битола, атрактивна туристичка дестинација“**

Општина Битола со својата местоположба, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природното богатството (планината Баба и НП Пелистер со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.), културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки, иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата, „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

### 1. Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк „Пелистер„. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк на дел од изготвена Програма од нивна страна за цела 2022 година и која ќе биде доставувана на усвојување од страна на општина

Битола. По завршување на известувачкиот период ( декември 2022 година ) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник по поднесен извештај за извршени работи. Сите овие активности се регулирани со обостран потпишан меѓусебен договор на општина Битола и НП Пелистер Битола.

2. **"Урбана Битола"**

Разубавување на градот преку изработка (цртање) на неколку мурали на различни локации низ градот. Целта на оваа активност е да се разубават објекти околу централното градско подрачје, кој сега се грда слика за посетителите на градот.

3. **Туристички инфо табли за градот Битола и потпелистерските села**

Планирано е обновување на старите, оштетени, како и поставување на нови патоказни (инфо) табли низ градот и потпелистерските села.

4. **Пропагандни материјали за промоција на туризмот**

Дизајн и печатење на флаери, брошури, туристички мапи, закуп на билборди во РСМ и други земји во околината.

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**на Програмата за туризам во Општина Битола**

**за 2023 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | **1.000.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **1.000.000,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**на Програмата за туризам во Општина Битола**

**за 2023 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 464990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | **500.000,00** |
| 2 | 464990 | "Урбана Битола" | **150.000,00** |
| 3 | 464990 | Туристички инфо табли за градот Битола и потпелистерските села | **30.000,00** |
| 4 | 464990 | Пропагандни материјали и промотивни активности | **240.000,00** |
| 5 | 464990 | Посета на туристички саеми | **80.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **1.000.000,00** |

Со оваа програма е обезбеден родов аспект преку приоритети на Општина Битола.

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола.

Програма влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општината Битола".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

Бр.09-200/27
27.12.2022 год.
Б и т о л а